Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
**- Годишно собрание -**
Број 0201 -1885/9
27.03.2014 година

Врз основа на член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговски друштва и член 21 став 3 точка 3 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст; Друштвото), **Годишното собрание** на Друштвото, на својата седница одржана на **27.03.2014 година** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работата на Управниот одбор на Друштвото**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Управниот одбор на Друштвото за деловната 2013 година, кој е составен дел на оваа Одлука.

2. Собранието на Друштвото ја одобрува работата на:
   - **Г-дин Бошко Андов, како Петседател на Управниот одбор;**
   - **Г-дин Ристо Секуловски, како член на Управниот одбор;**
   - **Г-ѓа Весна Ѓорчева, ако член на Управниот одбор.**

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно член 384 став 5 од Законот за трговските друштва Годишното собрание по завршувањето на деловната година задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на органот на управување. За одобрување на работата на членовите на органот на управување се гласа поединечно за секој член. Согласно член 384 став 6 од Законот за трговските друштва расправата и одобрувањето на работата на органот на управување, мора да биде поврзана со расправата за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната година. Надлежноста на Собранието за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Друштвото е содржана во член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

**Татјана Димов**